КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

# 2022

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА 2022

*СКОПЈЕ, МАРТ 2023*

**Издавач:** *Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“*

*Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје*

*Тел/Факс: +389 2 6139874*

*E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk*

*Web: www.all4fairtrials.org.mk*

**За издавачот:** *Дарко Аврамовски*
*Извршен директор*

**Уредник:** *Дарко Аврамовски*
*Извршен директор*

**Автор:** *Национална канцеларија на Коалиција „Сите за правично судење“*

**Обработка:** *Даниел Митковски*

# СОДРЖИНА


ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ ... 1

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2022 ГОДИНА ... 2

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“ ... 3

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ – ЦИВИКА МОБИЛИТАС ... 6

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА II ... 7

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ... 8

БЕЗБЕДНОСТ НА ЧОВЕКОТ И ГРАНИЦИТЕ – БОРБА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕ СО МИГРАНТИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН ... 8

ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... 10

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ ВО 2022 ГОДИНА ... 12

КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ ... 13

ЈАВНИ РЕАКЦИИ, ДОКУМЕНТИ, АНАЛИЗИ, ПРАВНИ ТЕКСТОВИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ВО 2022 ГОДИНА ... 16

ЈАВНИ РЕАКЦИИ ... 17

ДОКУМЕНТИ, АНАЛИЗИ И ПРАВНИ ТЕКСТОВИ ... 18

МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ... 19

АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ... 23

ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА ... 24

КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ... 25

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

*Почитувани,*

*Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ е формална мрежа од 12 организации членки кои имаат една заедничка мисија, а тоа е: следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди на правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.*

*Во текот на 2022 година беа набљудувани вкупно 1120 судски постапки низ судовите во Република Северна Македонија во сите 4 апелациони подрачја. Во текот на 2022 година беше обучен 31 набљудувач за мониторинг на судски рочишта. Како и претходните години, така и оваа година Коалицијата „Сите за правично судење“ посебен акцент стави на судските предмети од областа на организиран криминал и корупција, останати предмети што се проследени со висок степен на јавен интерес, како и предмети набљудувани по барање на странки.*

*Коалицијата во 2022 година објави неколку јавни реакции и 5 (пет) анализи на различни теми поврзани со функционирање правниот систем.*

*Правосудните органи и институциите ја препознаваат Коалицијата како фактор кој што може да даде особен придонес кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот, како и кон посочување на потребата за можните реформи во судските постапки, сѐ со цел да се придонесе кон осигурување на правата на фер и правично судење кои се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори. Засилената потреба од реформските процеси во изминатите години, а особено иницирањето на процесот на реформи во правосудството што директно или индиректно влијаат на перформансот на судовите, беше дополнителна мотивација на Коалицијата да продолжи со следење на судските постапки.*

*Со почит,*

*Дарко Аврамовски*

*Извршен директор*

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2022 ГОДИНА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

*Коалицијата „Сите за правично судење” на ден 01.01.2022 година започна со имплементација на Годишната програма за работа, чие спроведување е финансирано од страна на Европската Унија во рамки на грантовата шема IPA Civil Society Facility and Media Programme 2020, согласно Рамковниот договор за партнерство број IPA/2021-171-328/38, како и Посебниот договор за финансирање број IPA/2021-430-948 склучени помеѓу Коалиција „Сите за правично судење“ и Европската Унија.*

*Првата компонента од имплементацијата на Годишната програма за работа оваа година се однесуваше на мониторингот на судски постапки кои што се водат пред судовите во Република Северна Македонија. Предмет на мониторинг преку оваа компонента, во текот на 2022 година, беа кривичните и граѓанските судски постапки при што беа мониторирани вкупно 567 рочишта за главна расправа, како и судските предмети кои што се поврзани со организиран криминал и корупција, од кои мониторирани беа вкупно 310 рочишта за главна расправа.*

*Со цел успешна имплементација на оваа програмска активност, Коалицијата организираше три обуки наменети за професионалните судски набљудувачи на организацијата, со цел спроведување на мониторинг на граѓански и кривични судски постапки. Обуките беа спроведени од страна на ангажираниот надворешен експерт, како и тимот на Коалицијата кој работеше на имплементација на Годишната програма. За време на овие обуки, од страна на предавачите објаснет беше процесот на судски мониторинг, правата и обврските на ангажираните судски набљудувачи како и методологијата која што ќе се користи со цел прибирање на потребните податоци.*



Обука за набљудувачи на ден 07.02.2022 година



Обука за набљудувачи на ден 10.02.2022 година



Обука за набљудувачи на ден 22.09.2022 година

*Исто така, паралелно додека се спроведуваше мониторингот на судски постапки, Коалицијата организираше и два работни состаноци со судии, јавни обвинители и адвокати. За време на овие состаноци, со присутните учесници беа дискутирани проблемите и предизвиците, како и добрите практики на постапување во судските постапки кои беа детектирани преку набљудувањето на судските рочишта.*



*Работен состанок на ден 25.10.2022 година*



*Работен состанок на ден 27.04.2022 година*

*Исто така, Коалицијата организираше и две панел дискусии наменети за општата јавност, односно за граѓаните, со цел да истите се запознаат со различните процеси битни за општествено функционирање. Панел дискусиите беа релизирани преку зум платформата за видео комуникација, со овозможено стримање во живо преку Фејсбук страната на Коалицијата. Претставници на релевантни институции, во улога на панелисти имаа свои излагања, по што сите граѓани кои што ја следеа дискусијата имаа можност да поставуваат прашања по однос на темата и да добијат одговор на истите.*

*Панел дискусијата на тема „Корупцијата во урбанизмот и градежништвото" која се одржа во месец јуни, 2022 година е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/40bZKjM** *додека панел дискусијата на тема„Права и обврски при интеракција со полициски службеници" која се одржа во октомври месеци, 2022 година е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3JJxWhG**.

*Покрај мониторингот на судски постапки, како втора компонента која што беше спроведена е мониторингот и евалуацијата на целокупната работа на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во Република Северна Македонија, па така за време на оваа активност беа мониторирани вкупно 21 седница на Судскиот совет како и 21 седница на Советот на јавните обвинители на РСМ. Извршниот директор на Коалицијата „Сите за правично судење" и претседателката на Судскиот совет на РСМ Павлина Црвенковска, потпишаа меморандум за соработка. Како еден од првичните резултати на овој меморандум е изработката на материјали со едукативна содржина наменета за граѓаните. Промотивните материјали се однесуваат на начинот на поднесување на претставка/барање за утврдување на одговорност на судија како и разликите помеѓу овие две постапки.*



*Потпишување на меморандум за соработка помеѓу КСПС и Судскиот совет на РСМ*

*Коалицијата „Сите за правично судење" по спроведените мониторинг активности од двете компоненти предвидени со Годишната програма за работа, изготви вкупно три финални анализи, односно Анализа на податоци од набљудувани судски постапки во кривични предмети (достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3Ls2Hc2***), Анализа на податоци од набљудувани судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција (достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3ZPPz4G***) и Анализа на податоци од спроведен мониторинг на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители (достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3LrkOiq***).*

*Изготвените финални анализи беа промовирани за време на Завршна конференција која се одржа на 19.12.2022 година во Рагуза 360 во Скопје. Кнференцијата беше организирана во формат на панел дискусија во два засебни дела, па покрај презентација на наоди и препораки од мониторинг извештаите, претставници на релевантни институции и експерти од областа имаа свои излагања. На завршната конференција присуствуваа претседатели на судови и судии, јавни обвинители, адвокати, претставници од Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, универзитетски професори, претставници од граѓански организации, Академијата за судии и јавни обвинители и други релевантни инситуции.*







*Завршна конференција за промоција на финалните анализи – 19.12.2022*

# ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ – ЦИВИКА МОБИЛИТАС

*Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ Шведски развој АБ (ФЦГ Шведска).*

*Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество. Во јули 2019 година Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на институционалниот грант, која што имплементација заврши заклучно со септември месец, 2022 година. Со овој институционален грант Коалицијата беше насочена кон три клучни компоненти и тоа:*

*(1) компонента 2 - Граѓански ангажман*

*(2) компонента 3 – Соработка*

*(3) компонента 4 - Граѓанско учество*

*За време на имплементацијата на институционалниот грант реализирани беа низа активности, кои што имаа за цел зајакнување на капацитетите и функционалноста на организацијата и зголемувањето на нејзиниот развој од една страна, како и вмрежување и соработка со други граѓански организации за спроведување на заеднчки акции од друга.*

*Во текот на последната година од имплементацијата на грантот, односно во 2022 година, тимот на Коалиција „Сите за правично судење“ организираше напредна обука наменета за професионалните судски набљудувачи на организацијата. Имајќи предвид дека Коалцицијата е единствена специјализирана организација што континуирано врши мониторинг на судски постапки, а судските набљудувачи се клучниот ресурс за прибирање на точни и објективни податоци од судењата, со организацијата на оваа обука имавме за цел да ги зајакнеме и унапредиме нивните индивидуалните капацитети, во насока на овозможување на поуспешно спроведување на мониторинг процесот во иднина.*

*Исто така, паралелно со спроведувањето на мониторингот на судски постапки, изготвени беа и неколку инфографици, преку кои што беа прикажани податоци обезбедени од судењата кои што беа следени, а кои се однесуваат на дел судски предмети кои се медиумски експонирани и се предмети од висок јавен интерес. Овие инфографици беа објавени преку Фејсбук страната на Коалицијата, а потоа и превземени од страна на медиуми кои што работат и известуваат за актуелни случувања во областа на правосудството.*

*Во 2022 година, Коалицијата го потпиша Кодексот за граѓански организации кој има за цел да го зајакне системот на саморегулација и да придонесе до поголема професионалност и отчетност кај невладините организации. Целосната содржина на Кодексот е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3YPKDf7**.

*На ден 24.09.2022 година, на Денот на граѓанските организации, организиран од страна на Цивика Мобилитас, Коалиција „Сите за правично судење“ имаше поставено штанд на кој што беа делени изготвените анализи, документи за јавни политики и останат промотивен материјал на присутните граѓани, кои што дента имаа можност директно да се запознаат со работата на организацијата, а воедно и со*

услугите кои што истата ги овозможува за нив, во смисла на мониторинг на судски постапки кои се водат пред судовите во РСМ и пружање на бесплатна правна помош на странки.




Штанд на Коалиција „Сите за правично судење" на Денот на граѓанските организации

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА II

Во април 2022 година, Коалицијата „Сите за правично судење“ започна со имплементација на проектот „Зајакнување на владеењето на правото и човековите права во Северна Македонија“ во партнерство со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Имплементацијата на овој проект беше реализирана заклучно со месец декември 2022 година.

Во рамките на овој проект, спроведувани беа две клучни компоненти на активности. Најпрво, Коалицијата „Сите за правично судење“ преку ангажирање на тим од вкупно 6 професионални судски набљудувачи, спроведе мониторинг на судски постапки во судовите кои што се соодветно технички опремени со цел аудио и визуелно снимање на рочиштата за главна расправа. Мониторингот на судски постапки беше спроведен во основните судови во Скопје, Кавадарци, Штип и Струмица, и имаше за цел да се изврши евалуација на степенот на употреба на техничката опрема во овие судови, која што е претходно инсталирана со финансиска помош и поддршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Како резултат на оваа активност, мониторирани беа вкупно 250 рочишта за главна расправа по кривични и граѓански судски постапки, кои што се одржуваа во опремените судници.

Втората компонента на активности беше насочена кон овозможување на поддршка за Основниот кривичен суд во процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки, а во насока на зајакнување на транспарентноста на судот. Овој процес, Коалицијата „Сите за правично судење“ го спроведе со ангажирање на 3 професионални судски анонимизирачи, кои од страна на стручната служба при Судот беа претходно обучени за работа во Информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС). Оваа активност беше имплементирана во период од 7 месеци, и за тој временски период беа успешно анонимизирани вкупно 1964 судски одлуки, кои сега се јавно достапни на веб страната на Основниот кривичен суд.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

*Коалицијата „Сите за правично судење" во 2021 година започна со имплементација на проектот „Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за управување со човечки ресурси". Проектот е доделен преку Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ), со финансиска поддршка од Европска Унија. Имплементацијата на проектот заврши заклучно со 31.03.2022 година. Целта на проектот е да ги идентификува начините за подобрување на процесот на вработување во јавната администрација, како предуслов за обезбедување подобар квалитет на услугите кон граѓаните во три општини во Градот Скопје, односно Шуто Оризари, Карпош и Аеродром.*

*Во рамките на овој проект, Коалицијата „Сите за правично судење" спроведе низа истражувачки активности, дел од нив со фокус кон вработените во таргетираните општини, а дел кон граѓаните кои што имаат живеалиште во тие општини. Активностите кои што беа реализирани беа насочени кон прибирање и обезбедување на податоци, со цел евалуација на начинот и постапката за утврдување на нивото на напредок на вработените во јавните служби од една страна, како и утврдување на перцепцијата на жителите за вработените во општините, процесот за вработување и транспарентноста на единиците на локалната самоуправа. Како резултат на успешна имплементација на проектните активности беше изготвена финална анализа која се однесува на состојбата со вработувањето во јавните служби, начинот и постапката за утврдување на нивото на напредок на вработените, како и следењето на СИГМА начелата при управување со човечки ресурси.*




*Линк до анализа: https://rb.gy/o3bc2*

## БЕЗБЕДНОСТ НА ЧОВЕКОТ И ГРАНИЦИТЕ – БОРБА ПРОТИВ КРИУМЧАРЕЊЕ СО МИГРАНТИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

*Коалиција „Сите за правично судење" со финансиска поддршка преку добиен грант од Македонското здружение на млади правници врз основа на одобрен проект финансиран од Европска Унија, застапуван од Европската Комисија под наслов „Безбедност на човекот и границите – борба против криумчарење со мигранти во Западен Балкан, од месец август 2021 година до март 2022 година имплементираше повеќе проектни активности. Општата цел на грантот беше со имплементација на планираните активности да се даде поддршка на реформските процеси во однос на имплементацијата на меѓународните стандарди за човекови права на мигрантите во Северна Македонија.*

Со цел успешна имплементација на планираните активности, Коалиција „Сите за правично судење" ангажираше тим од 5 професионални судски набљудувачи од базата на организацијата, кои беа задолжени да извршат увид во вкупно 150 правосилно завршени судски предмети во Основниот кривичен суд, од период 2015-2020 година, кои се однесуваат на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти.

Дотополнително, а со цел обезбедување на податоци од разни извори, спроведени беа и интервјуа со претставници на релевантни институции и граѓански организации кои што на национално ниво, директно или индиректно работат на превенција или спречување на процесот со криумчарењето мигранти. Со цел покренување на јавната дебата помеѓу општата и стручна јавност, Коалицијата изготви промотивни летоци, кои послужија како кратки и ударни информатори со цел да ја заинтересираат јавноста и да го подигнат нејзиниот интерес за финалната анализа и клучните наоди и препораки од истата.



Инфографик



Инфографик

Клучниот резултат од успешната имплеметација на овој грант е изготвената финална анализа која се однесува на состојбата со криумчарењете мигранти во Република Северна Македонија, како дел од земјите на Западен Балкан. Податоците од анализата се однесуваат на псотоечката национална и меѓународната правна рамка, институционалната поставеност, низ призма на проблемите и предизвиците кои што постојат во практиката, а се однесуваат на превенирање и сузбивање на сериозните облици на криминал кои се поврзани со процесот на криумчарење на мигрантите кој ја засега и РСМ,  со оглед да истата е дел од т.н Балканска рута на движење на мигрантите кон западноевропските земји.


Линк до анализа: https://rb.gy/n7bz3

# ПРАВНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Коалицијата „Сите за правично судење" во 2022 година започна со имплементација на проектот „Правна помош и поддршка на Ромите во Република Северна Македонија". Проектот е доделен преку Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико, со финансиска поддршка на Агенцијата на САД за Меѓународен развој УСАИД – Северна Македонија и истиот ќе се спроведува заклучно со 31.07.2023 година. Општата цел на проектот е придонес кон пристапот до правда и заштитата на права на Ромите во Република Северна Македонија, преку пружање на директна правна помош и поддршка на граѓаните за правни прашања кои што се однесуваат на постапки за регистрација на лица без документи, остварување на права од здравствена и социјална заштита, заштита на работнички права и дискриминација, случаи на полициска бруталност, имотноправни прашања, како и сите други прашања за кои што ќе се јави потреба, а кои се однесуваат на практикување и заштита на основни човекови слободи и права.*

*Покрај примрана правна помош, за одделни предмети по однапред направена проценка на случајот, Коалицијата преку ангажирање на адвокати ќе овозможи и секундарна правна помош и стратешко застапување. Преку оваа компонента ќе се овозможи стручно правно застапување пред надлежните судови на случаи повразни со имотноправни спорови во кои како странка се јавува државата, државен орган или единица на локалната самоуправа, спорови поврзани со дискриминација, регистрирање на лица кои не се евидентирани и други релевантни области од аспект на стратешко застапување. Дополнително, преку секундарната правна помош ќе се изврши и застапување пред останатите државни органи и вон-судски постапки, со посебен акцент на управната постапка, а во контекст на заштитата на основните човекови права во наведените области.*

*На почеток од имплементацијата од проектот се изработени флаери од едукативен карактер за правото на бесплатна правна помош, воспоставена е соработка со граѓански организации за користење на предностите на БПП, како и соработка со адвокати за овозможување на секундарна правна помош и стратешко застапување.*

*Како финален продукт кој ќе произлезе од имплементација на овој проект е обезбедена правна помош на граѓани од Ромската заедница во најмалку 400 случаи, со што ќе се придонесе до зајакнато граѓанско учество во процесот на интеграција на Ромите и унапредена пристапност до БПП за најмаргинализираните заедници.*




*Брошура*




*Флаер*

# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ ВО 2022 ГОДИНА

# КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СРЕДБИ

*Коалицијата „Сите за правично судење“ како член на Блупринт група за реформи во правосудството и како член на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата, одржуваше редовни состаноци со организациите членки на овие мрежи во текот на целата година.*

*Претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ учествуваше на регионалната конференција која се одржа во Белград, Србија на тема: Западен Балкан на рутата на нерегулирана миграција и криумчарење мигранти.*

*На ден 30.03.2022 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија беше основан Советот за Отворено судство. Во рамки на настанот беше потпишана и Декларацијата за Отворено судство. Коалиција „Сите за правично судење“ е дел од Советот за Отворено судство.*

*На ден 29.03.2022 година Коалицијата учествуваше на Завршната конференција организирана од Блупринт групата за реформи во правосудството во рамки на проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството во 2021 година“ на која се поттикна дискусија помеѓу правосудните институции и граѓанските организации за идентификувањето на неопходни мерки за враќање на довербата на граѓаните во правосудниот систем во пресрет на отпочнувањето на процесот за изработка на нов стратешки документ за реформи во оваа област.*






*Завршна конференција на Блупринт групата за реформи во правосудството – 29.03.2022*

*Претставник од Коалицијата учествуваше на дводневна регионална работилница во Рим за споделување на практични искуства и унапредување на социјалното реискористување на конфискуван имот. Работилницата се одржа во рамките на проектот " Зајакнување на борбата против транснационалниот организиран криминал во Југоисточна Европа преку подобрена регионална соработка во заплена, конфискација, управување и повторна употреба на имот" организирана од страна на Одделот за транснационални закани и Канцеларијата на координаторот за економски и еколошки активности на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).*



Конференција на тема „Зајакнување на борбата против транснационалниот организиран криминал во Југоисточна Европа преку подобрена регионална соработка во заплена, конфискација, управување и повторна употреба на имот“

Претставник од Коалицијата учествуваше на јавната дебата на тема: „Ризикот од корупција при издавање на одобренија, решенија, лиценци и дозволи во областа на транспортот и спроведување на надзор“ организирана од страна на Државната комисија за спречување на корупција.

Претставник од Коалицијата учествуваше на тридневна работилница на тема: “Колку чини борбата против корупцијата?“ организирана од страна на Институтот за демократија „Социетас цивилис“. На работилницата учествуваа претставници на граѓански организации, државни институции и пратеници од Собранието на Република Северна Македонија.

Претставник од Коалицијата одржа свое предавање на работилницата за социјално реискористување на одземен имот. Работилницата беше организирана заеднички од страна на Одделот за транснационални закани и Канцеларијата на координаторот за економски и еколошки активности на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).

Претставник од Коалицијата учествуваше на работен состанок со претставници од Министерство за финансии од САД. На работниот состанок се дискутираше на различни теми, меѓу кои и за борбата против корупцијата и организираниот криминал, финансирање на тероризам, перење пари, конфискација на имот и сл.

Претставник од Коалицијата учествуваше на Годишната конференција организирана од страна на Платформата на граѓански организации за борба против корупција на тема: „Визија за борба против корупција во 2022 година.

Во јули 2022 година, претставник од Коалицијата учествуваше на конференција во улога на панелист на тема насилен екстремизам. Конференцијата беше организирана од страна на Организацијата на Обединетите нации.

Во септември 2022 година, Коалицијата учествуваше на Годишното собрание на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата. На Собранието, претставници од извршната канцеларија на Коалицијата беа избрани за членови на Одборот.

На ден 06.09.2022 година, претставник од Коалицијата учествуваше на Шестата регионална конференција на телата за еднаквост во регионот во организација на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

*На ден 07.09.2022 година, претставник од Коалицијата учествуваше на тркалезна маса на тема „(Зло)употреба на институтот спогодување за вина и признание" организирана од страна на Заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење.*

*Во ноември, 2022 година, претставник од Коалицијата учествуваше на националната работилница "Системот за бесплатна правна помош за жените во Северна Македонија", организирана од страна на Германско друштво за интернационална соработка.*

*Во ноември 2022 година, претставник од Коалицијата учествуваше на панел дискусија на тема „Подобрување на пристапот до правда во Република Северна Македонија" во организација од страна на Хелсиншки комитет за човекови права.*

*Во ноември 2022 година, претставник од Коалицијата учествуваше на конференција „Кон подобрување на системот за бесплатна правна помош во Северна Македонија", организирана со поддршка на проектот Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија, кој што е дел од програмата Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II, заеднички проект на ЕУ/Совет на Европа којшто го спроведува Советот на Европа во соработка со Министерството за правда.*

*Претставник од Коалицијата учествуваше на прес-конференција и промоција на барањето за системско решение за овозможување на платено породилно отсуство за земјоделки организирано од страна на Мрежа за заштита од дискриминација.*

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ, ДОКУМЕНТИ, АНАЛИЗИ, ПРАВНИ ТЕКСТОВИ И МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ ВО 2022 ГОДИНА

## ЈАВНИ РЕАКЦИИ

*На ден 20.04.2022 Коалиција „Сите за правично судење" објави јавна реакција со која ја истакна својата загриженост во поглед на постапувањето на јавното обвинителство и Судот во предметот К-930/18 кој се водеше против лекарскиот тим на комисијата при Фондот за здравствено осигурување поради неодобрување на лекувањето во странство за Тамара Димовска. Јавната реакција е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/n180y**

*На ден 23.09.2022 година, Коалиција „Сите за правично судење" објави инфографик за предметите со работен наслов „Ласкарци" и „Тендери" со посочување на долгиот временски период потребен за изготвување на предметните супервештачења. Инфографикот е достапен на следниот линк:* **https://bit.ly/3LnCZ8t**

*На ден 22.12.2022 Коалицијата „Сите за правично судење" објави јавна реакција со која ја истакна својата загриженост за начинот на одржување на судењата во новата судница, отворена во рамки на КПУ Идризово како дел од Основниот кривичен суд, а во поглед на јавноста на постапките кои се одржуваат во оваа судница. Јавната реакција е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/8rl0x**

*На ден 28.12.2022 Коалицијата „Сите за правично судење" објави јавна реакција со која ја истакна својата загриженост за изрекувањето на невообичаено ниски казни во предмети поврзани со висока корупција. Јавната реакција е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/eq9va**

*На ден 29.12.2022 Коалицијата „Сите за правично судење" објави кратко соопштение со кое што ја поздрави проактивноста на Врховниот суд и донесениот начелен став за објавување на веб страната на судот на донесени одлуки (пресуди и решенија) кои не се правосилни и кои се однесуваат на предмети од јавен интерес. Соопштението е достапно на следниот линк:* **https://rb.gy/9jolm**

*На ден 06.07.2022 година, Коалиција „Сите за правично судење" заедно со останатите граѓански организации од Блупринт групата за реформи во правосудството, објави јавна реакција во поглед на недоволната транспарентност и направените пропусти при изборот на Основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО-ГОКК) кој што беше спроведен на 7 ноември 2022 година. Јавната реакција е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/301spmX**

*По повод Меѓународниот ден за борба против корупцијата, Коалиција „Сите за правично судење" заедно со останатите граѓанските организации од Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата објави соопштение со кое упати порака дека главен приоритет за нашето општество се демократијата, владеењето на правото и борбата против корупцијата. Целосното соопштение е достапно на следниот линк:* **https://cutt.ly/m0tUuLX**

*Коалиција „Сите за правично судење" заедно со останатите граѓански организации од Блупринт групата за реформи во правосудството објави јавна реакција со која што ја осуди употребата на насилство и говорот на омраза, како и поттикнувањето на етничка нетрпеливост на одржаниот протест во Скопје против францускиот предлог. Целосната содржина од јавната реакција е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3XU2yRP**

# ДОКУМЕНТИ, АНАЛИЗИ И ПРАВНИ ТЕКСТОВИ

*Коалиција „Сите за правично судење“ изготви вкупно 9 месечни брифови за актуелните судски постапки кои беа предмет на мониторинг во временски период февруари – октомври, 2022 година. Мониторинг брифовите се достапни на следниот линк:* **https://rb.gy/3q2i3**

*Коалиција „Сите за правично судење“, за потребите на Платформата на граѓански организации за борба против корупција направи антикорупциска проверка на легислатива на Законот за животна средина. Анализата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3mSIcuX**

*Коалиција „Сите за правично судење“ како член на Блупринт групата учествуваше во подготвувањето на втор полугодишен мониторинг бриф кој што се однесува на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 година. Мониторинг брифот е достапен на следниот линк:* **https://bit.ly/408FFLA**

*Коалицијата „Сите за правично судење“ изготви анализа на тема „Човечките ресурси предизвик во локалното менаџирање“ кои податоци се однесуваат на три општини од територија на градот Скопје – Општина Аеродром, Општина Карпош и Општина Шуто Оризари. Финалната анализа е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/o3bc2**

*Коалиција „Сите за правично судење“ изготви анализа на тема „Состојбата со криумчарење мигранти во Република Северна Македонија како дел од Западен Балкан“. Финалната анализа е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/n7bz3**

*Коалиција „Сите за правично судење“ како член на Блупринт групата учествуваше во изготвување на документ за јавни политики на тема „Пандемија, мерки и казни“. Документот за јавни политики е достапен на следниот линк:* **https://bit.ly/3ZK4qOn**

*Коалиција „Сите за правично судење“ изготви анализа по однос на податоците од спроведен мониторинг на судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција. Финалната анализа е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/mxbjh**

*Коалиција „Сите за правично судење“ изготви анализа по однос на податоците од спроведен мониторинг на судски постапки во кривични предмети. Финалната анализа е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/akae8**

*Коалиција „Сите за правично судење“ изготви анализа по однос на податоците од спроведен мониторинг врз работата на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители во Република Северна Македонија. Финалната анализа е достапна на следниот линк:* **https://rb.gy/vkmzx**

## МЕДИУМСКА ВИДЛИВОСТ

*На ден 15.02.2022 и 16.02.2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Фокус и ТВ Алсат М во врска со донесената ослободителна пресуда за обвинетата Павлинка Илоска. Изјавите се достапни на следните линкови:* **https://bit.ly/3jvmtrq** *и* **https://bit.ly/3XhfoZH**

*На ден 17.02.2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за 360 степени во врска со случајот со екс судијата Владимир Панчевски. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3Y3EXhZ**

*На ден 11.03.2022 година претставниик од Коалиција „Сите за правично судење“ гостуваше во Утрински брифинг по однос на застарувањето на предметите иницирани од страна на Специјалното јавно обвинителство. Застарување на предметите на СЈО. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3x4cQDu**

*На ден 20.03.2022 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење“даде изјава за „Види Вака“ во врска со безбедноста на пешакот во скопскиот сообраќај. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3JNbiFi**

*На ден 22.03.2022 година претставник од Коалиција „Сите за правично судење“ гостуваше во емисија 360 степени за случајот „Труст“. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3Y57P9u**

*На ден 01.04.2022 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење“даде изјава за 360 степени на тема Прочистување на судството или чистка на „непожелни“ судии. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3HSy5hK**

*На ден 13.04.2022 година Либертас извести во врска со објавата на Коалиција „Сите за правично судење“ во врска со судскиот случај во кој му се судеше на Мариглен Демири од Левица. Објавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3HZNaOs**

*На ден 13.04.2022 година претставник од Коалиција „Сите за правично судење“ даде изјава за Радио Слободна Европа во врска со конфискацијата на имотот на Сеад Кочан. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3I128uv**

*На ден 13.04.2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Фокус и ТВ Телма во врска со однесувањето на обвинителството, но и на Кривичниот суд – Скопје за случајот со смртта на 9 годишната Тамара Димовска од Велес. Изјавите се достапни на следните линкови:* **https://bit.ly/3X8fKBu https://bit.ly/3Y7jvbT**

*На ден 12.05.2022 година, Фокус извести за објавениот инфографик од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“ по однос на казнената политика во високопрофилирани судски предмети. Објавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3Y7I4W2**

*На ден 12.05.2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Телма во врска со селективната правда во зависност од тоа дали си функционер – сторител на кривично дело или обичен човек. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3I145QM**

*На ден 16.05.2022 година претставник од Коалиција „Сите за правично судење“ гостуваше во емисија 25 минути на тема „Ова е држава во која што владее неказнивоста“. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3JLYFKy**

*На ден 07.06.2022 година претставник од Коалиција „Сите за правично судење“гостуваше во емисијата 360 степени за случајот „Талир 2". Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3kXmR2i**

*На ден 21.07.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“даде изјава за ТВ Телма во врска со „Дискриминација меѓу оние што украле многу и оние со ситни кражби. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3Hvg07O**

*На ден 29.07.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“даде изјава за ТВ Канал 5 во врска со Измените на Законот за извршување на санкциите. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3DJqZcJ**

*На ден 07.08.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“даде изјава за ТВ Телма во врска со Случајот „Тарифа“ кој се враќа на почеток поради промена на членови во судечкиот совет. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3HYlTfq**

*На ден 16.09.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисија на ТВ Телма на тема - Како да се запре сајбер силеџиството. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3wRd3tk**

*На ден 16.09.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисија Топ Тема, за корупција во судството, но и останати актуелни теми од правосудството. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3wUfsDM**

*На ден 23.09.2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Телма во врска со случајот „Ласкарци“. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3RGP0aj**

*На ден 28.09.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за Радио Слободна Европа во врска со зголемениот притисок на САД против корупцијата во Македонија. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3HuxHEI**

*На ден 10.10.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“даде изјава за ТВ Канал 5 во врска со ослободителна пресуда за Тони Ѓорѓиевски – Фредо за убиството на својот зет. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3YAtWod**

*На ден 27.10.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ даде интервју за Локално.МК по однос на Законот за потекло на имот. Интервјуто е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3HINCzd**

*На ден 10.11.2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Телма во врска со реакцијата на невладините организации за изборот на Ислам Абази за шеф на Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3JJ3wwi**

*На ден 15.11.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата Аргумент плус на тема „Владеење на правото и реформите во правосудството“. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3x53reH**

*На ден 18.11.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше во емисијата 360 степени за изборот на Ислам Абази за шеф на обвинителството за гонење организиран криминал и корупција. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3Y8lyfW**

*На ден 19.11.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Сител во врска со Реакцијата на Американската амбасада за изборот на обвинителот Ислам Абази за шеф на ОЈОГОКК. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3jCsEu7**

*На ден 25.11. 2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше на ТВ Телма, на тема - Што се имплементираше, а што е неисполнето од стратегијата за реформа на правосудството? Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3wVQmoa**

*На ден 26.11. 2022 година претставник од Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за СДК.МК во врска со бунтот во Судскиот совет и тројцата новоизбрани членови на Судскиот совет. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3YbeMpI**

*На ден 07.12.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ гостуваше на ТВ 21, во емисијата Клик Плус, на тема - Што се случува со правосудството во РСМ? Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3JI2hxg**

*На ден 12.12.2022 година претставник на Коалиција „Сите за правично судење“ гостуваше во Al Jazeera Balkans по однос на реформите во правосудството во Република Северна Македонија. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3IOahZ7**

*На ден 18.12.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ Телма во врска со чувањето на судска пресуда во фиока девет месеци. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3YupVkX**

*На ден 19.12.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“ даде изјава за ТВ 21 во врска со застарувањето на предметите на обвинетиот Мијалков. Изјавата е достапна на следниот линк:* **https://bit.ly/3jBhTrV**

*На ден 19.12.2022 Вечер, ТВ Канал 5, Макпрес, Радио Слободна Европа и ТВ Алфа известија за одржаната Завршна конференција на Коалиција Сите за правично судење, на која што беа промовирани изготвените извештаи за 2022 година од спроведен мониторинг на судски постапки и мониторинг врз работата на Судскиот совет и Советот на јавните обивнители во РСМ Известувањата се достапни на следните линкови:* **https://t.ly/3qcd** ; **https://t.ly/3qcd** ; **https://t.ly/PmiB** ; **https://t.ly/gRrV** *и* **https://t.ly/AB7d**

*На ден 20.12.2022 година претставник на Коалицијата „Сите за правично судење“гостуваше на емисија 24 Отворено, на тема - Поништени и укинати пресуди, ветинг на судии и генерален реизбор?. Гостувањето во емисијата е достапно на следниот линк:* **https://bit.ly/3wPIJjO**

*На ден 22.12.2022 година Локално.МК и 360 степени известија за објавеното соопштение од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“ по однос на одложеното рочиште за главна расправа за предметот*

*„Титаник“. Известувањата се достапни на следните линкови:* **https://bit.ly/3RCP2jx** *и* **https://bit.ly/3Yy5UKk**

*На ден 28.12.2022 година А1ОН.МК Независен, ТВ Телма и 360 степени известија по однос на објавената јавна реакција на Коалицијата „Сите за правично судење“ во врска со условните казни на Апелациониот суд Скопје за кривични дела поврзани со организиран криминал и корупција, со посебен фокус на одлуката за предметот „Транспортер“. Известувањата се достапни на следните линкови:* **https://bit.ly/3jIHkYn; https://bit.ly/40yUKH3; https://bit.ly/3YrXkwM; https://bit.ly/3REQ0LX**

# АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

*Годишно Собрание на Коалиција „Сите за правично судење”*

*На 15.03.2022 година се одржа 20-то годишното Собрание на Коалицијата. Присутни на Собранието беа 9 од 13 членки на организацијата и тоа:*

- *Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен Фронт-С фронт-Скопје*
- *Здружение за правата на детето – ЗПД-Скопје*
- *Младински образовен форум - МОФ-Скопје*
- *Младински културен центар - МКЦ – Битола*
- *Македонско здружение на млади правници - МЗМП-Скопје*
- *Прва детска амбасада во светот Меѓаши-ПДАС Меѓаши-Скопје*
- *Институт за Европска Политика-ЕПИ-Скопје*
- *Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА-Тетово*
- *Совет за превентива против малолетничка деликвенција-СППМД-Кавадарци*

*На ова Собрание, беше презентиран Годишниот извештај за работата на Коалицијата за 2021 година како, индивидуалните проекти на кои Коалицијата работи и активностите што тие ги вклучуваат. Истовремено беше усвоена и Годишната сметка на Коалицијата за 2021 година.*

*Помеѓу присутните на годишното собраните, се донесе заклучок дека во наредниот период извршната канцеларија на Коалицијата ќе закажува почести состаноци со членките со цел зголемување на соработката меѓу нив.*

*Од причина што една од членките на Коалицијата нема контакт со извршната канцеларија, иако во неколку наврати се направени обиди за комуникација, се отвори дискусија помеѓу присутните и се констатираа дека се исполнети условите од членот 15, став 2 од Статутот на Коалицијата, при што со 8 гласа ЗА беше донесена одлука за исклучување од членството на Коалиција „Сите за правично судење“ - Граѓанската организација Ромски едукативен центар – АМБРЕЛА – Скопје.*

# ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

*Биланс на приходите и расходите на 31.12.2022*

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | | |
| 1 | *Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори* | *7.916.867,00* | *ден.* |
| 2 | *Сопствени приходи* | *11.800,00* | *ден.* |
| 3 | *Други приходи* | *18,00* | *ден.* |
| 4 | *Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година* | *237.235,00* | *ден.* |
| | **Вкупни приходи:** | **8.165.920,00** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1 | *Потрошени материјали* | *302.090,00* | *ден.* |
| 2 | *Потрошена енергија* | *42.420,00* | *ден.* |
| 3 | *Други услуги* | *147.624,00* | *ден.* |
| 4 | *Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација* | *2.683,00* | *ден.* |
| 5 | *Наемнини* | *214.500,00* | *ден.* |
| 6 | *Други материјални расходи* | *190.735,00* | *ден.* |
| 7 | *Провизија за платниот промет* | *62.748,00* | *ден.* |
| 8 | *Премии за осигурување* | *5.850,00* | *ден.* |
| 9 | *Дневници за службено патување* | *94.748,00* | *ден.* |
| 10 | *Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните* | *5.134.606,00* | *ден.* |
| 11 | *Негативни курсни разлики* | *12.483,00* | *ден.* |
| 12 | *Други расходи* | *236.644,00* | *ден.* |
| 13 | *Средства за опрема* | *212.245,00* | *ден.* |
| 14 | *Помошти, донации и други давања на субјекти* | *2.000,00* | *ден.* |
| 15 | *Вкалкулирани плати* | *105.312,00* | *ден.* |
| | **Вкупни расходи:** | **6.766.688,00** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **1.399.232,00** | **ден.** |

*Биланс на состојба на 31.12.2021*

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | |
| 1 | *Опрема* | *369.353,00* | *ден.* |
| 2 | *Парични средства* | *1.403.521,00* | *ден.* |
| | **Вкупна актива:** | **1.772.874,00** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ПАСИВА** | | |
| 1 | *Деловен фонд* | *369.353,00* | *ден.* |
| 2 | *Пасивни временски разграничувања* | *4.289,00* | *ден.* |
| 3 | *Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година* | *1.399.232,00* | *ден.* |
| | **Вкупна пасива:** | **1.772.874,00** | **ден.** |

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

*Тимот на националната канцеларија на Коалицијата*

| ДАРКО АВРАМОВСКИ<br>ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР | ДАНИЕЛ МИТКОВСКИ<br>ФИНАНСИСКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН МЕНАЏЕР | ИВАНА ПЕТКОВСКА<br>ПРОГРАМСКА КООРДИНАТОРКА |
|---|---|---|
| Моб: 00 389 75 588196 | Моб: 00 389 71 343021 | Моб: 00 389 70 252993 |
| Тел/Факс: 00 389 2 6139874 | Тел/Факс: 00 389 2 6139874 | Тел/Факс: 00 389 2 6139874 |
| davramovski@all4fairtrials.org.mk | dmitkovski@all4fairtrials.org.mk | ipetkovska@all4fairtrials.org.mk |
| ЛЕЈЛА ТУТИЌ<br>ПРОГРАМСКА КООРДИНАТОРКА | НАТАША ПЕТРОВСКА<br>ПРОЕКТНА КООРДИНАТОРКА | ОСМАН ЦЕКА<br>ПРАВЕН ОФИЦЕР ЗА БПП |
| Моб: 00 389 75 326466 | Моб: 00 389 78 483169 | Моб: 00 389 75 588871 |
| Тел/Факс: 00 389 2 6139874 | Тел/Факс: 00 389 2 6139874 | Тел/Факс: 00 389 2 6139874 |
| ltutic@all4fairtrials.org.mk | petrovskan@all4fairtrials.org.mk | oceka@all4fairtrials.org.mk |

*Информации за Коалицијата:*




*Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење"*
*ул. Македонија 11/2-10, 1000, Скопје*
*Тел/Факс: 00 398 2 6139874*
*www.all4fairtrials.org.mk*
*www.otvorenosudstvo.org.mk*